Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК
## ОД ПРОДОЛЖЕНИЕТО НА 63 –ТАТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 28 ФЕВРУАРИ 2014 ГОДИНА

# ЗАПИСНИК
## од продолжението на шеесет и третата седница на Државната изборна комисија

Продолжението на шеесет и третата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 28 февруари 2014 година ( петок ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 13:20 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М – р. Субхи Јакупи -** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

На Седницата не присуствуваше Генерален секретар на Државната изборна комисија, Биљана Стојановска од оправдани причини.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

На Дневен ред беа предложени одложените точка од 63 – тата седница одржана на 27.02.2014 година, и тоа:

**10.Разрешување и случаен избор за именување на претседатели, членови и нивни заменици на Избирачките одбори за гласање во Дипломатско конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии, согласно членовите 38 став (4) и 38–а став (3) од Изборниот законик;**

**11.Случаен избор за именување на претседател, членови и нивни заменици на Избирачкиот одбори за спроведување на гласањето во Државната изборна комисија на членовите на Избирачките одбори во Дипломатско конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии и**

**16.Разно.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека се точките 10 и 11 врзани со техничка подготовка за да може да се изврши избор на членови на Избирачките одбори во ДКП. Прво да се отвори расправа по точките 10 и 11 од овој дневен ред а потоа да се врши избор на членови на Избирачките одбори

Се отвори расправа по точките 10 и 11 од овој дневен ред.

За збор се јави Бедредин Ибраими,Член на ДИК кој кажа дека има едно прашање, пред да се започне со изборот на членови на ИО во ДКП, во врска со писмото добиено од Министерството за информатичко општество и администрација. Во писмото МИОА наведува дека доставените податоци за вработените во општинската администрација се согласно последните доставени ДС обрасци од страна на општинската администрација. Според ова писмо вработените

во Општина Гази Баба не се внесени во базата на податоци за државни службеници. Прашува дали при изборот на ИО кој траеше 4 дена во АРМ се влезени и вработените во Општина Гази Баба.

Раководителот на Секторот за информатичка технологија одговори дека при спроведениот избор на ИО се влезени и вработените во Општина Гази Баба.

Бедредин Ибраими,Член на ДИК, кажа дека според него и според писмото од МИОА во изборот на ИО не се влезени јавни и државни службеници, односно изборот е направен само од државни службеници. Ако е така бара целиот избор да се поништи. Прво бара одговор дали се во базата на податоци внесени сите јавни и државни службеници.

Раководителот на Секторот за информатичка технологија кажа дека од МИОА во базата на податоци имаме околу 64 илјади на државни и јавни службеници, односно точната бројка е 61.372 службеника и од нив е направен изборот на ИО.

Бедредин Ибраими,Член на ДИК, меѓу другото кажа дека изборот на членови во ИО и дополнувањето на ОИК кое е направено на претходната седница е извршено од 61.372 службеника што е спротивно на членот 38 став (4) од Изборниот законик. Поаѓајќи од фактот дека оваа бројка не е ни приближната бројка за бројот на јавни и државни службеници предлага целата постапка да се повтори, да се поништи изборот кој е направен и да се оди на нов избор и на ИО и ОИК.

За збор се јави Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кој меѓу другото кажа дека од дискусијата на колегата Бедредин Ибраими, се наметна сериозно прашање, прво, дека вкупниот број на јавни и државни службеници е многу поголем од нашата евиденција, второ, ако е тоа така, тоа би значело повторно вршење на случаен избор и на ИО и ОИК и трето, има над 100 илјади јавни и државни службеници, а овие податоци не ги добиваме од МИОА.

Расправата продолжи и за збор се јавија:

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кој меѓу другото кажа дека базата на податоци од МИОА е утврдена со членот 32 од Изборниот законик. Законска обврска е на МИОА да ги даде на време сите податоци на ДИК. Секоја година се повторуваме во врска со ова прашање. МИОА доставува до ДИК онакви податоци какви има и со последното писмо е тоа и напишано. Ова дава сомнеж дека можеби не се ставени сите службеници во податоците од МИОА, но според него е далеку полошо доколку ДИК не си ја изврши својата обврска и не избере изборни органи.
- Бедредин Ибраими,Член на ДИК, меѓу другото кажа дека бара да се испочитува членот 38 став (4) од Изборниот законик затоа што тој услов не е исполнет. Тоа е пропуст на МИОА. Го праша Раководителот на Секторот за информатичка технологија дали во бројката од 61.372 службеника се и тие кои се веќе избрани во ИО и во ОИК и ако е така ќе излезе дека е изборот направен од само 30 илјади службеници.
- Раководителот на Секторот за информатичка технологија одговори дека е така но даде појаснување дека од ланската бројка од околу 70 илјади државни службеници, оваа година мисли дека се иземени вработените во здравствените домови и некој училишта и затоа е бројката околу 61 илјада.
- Бедредин Ибраими,Член на ДИК, кажа дека бара да се исправи грешката, да се вратат назад сите решенија и на ИО и на ОИК, избрани на претходната седница и согласно член 31 став (1) ДИК да работи законски. Да се ревидира изборот на ИО и ОИК.
- Виолета Дума, Член на ДИК, која меѓу другото кажа дека е затечена со бројките и пријатно изненадена со толку мал број на државни службеници. И лани кажа дека базата на податоци од МИОА е селективна. Дискусијата на колегата Влатко

Сајкоски и да е незаконит изборот на ИО и ОИК ДИК подобро да продолжи со работа значи дека ДИК треба да се договори дали да работи незаконито и да продолжи со избор на ИО и ОИК или согласно членот 31 став (1) ДИК да работи законито. ДИК треба после оваа седница сериозно да контактира со МИОА . Ако е ова точна бројка и ако е вистинита треба да добиеме одговор од МИОА дека Република Македонија располага со 61.372 службеника и тогаш е тоа вистинито. Но сега не може да се согласи.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кој меѓу другото кажа дека е постапката згрешена од почеток од како дадовме пас да се дополнат ИО кои се избрани според податоците од надлежното МИОА. ДИК затоа што верува на институциите постапи на дополнување на ИО и ОИК. Според еден поранешен извештај од Народен правобранител од податоците за сите институции на државата и од тие кои биле изземени имало околу 107 илјади вработени во јавната и државната администрација. Ако се земат сега изземените и ако се минусираат можеби ќе излезе бројката која ни ја даваат од МИОА. Според писмото од МИОА не им биле доставувани ДС обрасци за да може да се ажурира регистарот на државните службеници на време. Ако се вратиме на предлогот на Бедредин Ибраими ДИК ќе излезе несериозна према ОИК кои веќе извршиле избор на ИО и тие не се виновни. Добро е да се достави писмо до МИОА и да се бара ажуриран список на јавната и државната администрација, а потоа да ја извлечеме бројката на тие кои се изземени и ќе се добие точна бројка. ДИК верува на институциите.

- Раководителот на Секторот за информатичка технологија кој објасни дека во оваа бројка од 61.372 службеника се сите службеници со средна и висока стручна спрема. Изземени се околу 10 илјади лица кои имаа несоодветна стручна спрема.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој даде уште еден аргумент дека базата на податоци од МИОА не е точна. ДИК има список на лица во ИО во ДКП, 88 лица не се во базата на податоци во МИОА, избрани се а ги нема во базата на податоци.

- Сашо Срцев, Член на ДИК кој кажа дека не може да ги има лицата од политичките партии во базата на податоци од МИОА. Околу 80 лица се предложени од политичките партии.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој кажа дека во ДКП нема лица од политичките партии. Овие луѓе не се во базата и ова се луѓе кои се вработени во МНР, УЈП и др.и нив во базата оваа година ги нема.

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кој кажа дека можеби базата на податоци од МИОА има недостатоци, но не е за повлекување на изборите на членовите на ИО и ОИК. Но доколку се смета дека има недостатоци, денес да се направи средба со релевантнни претставници од МИОА и да се заклучи ова прашање.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кој кажа дека е за решение но не противзаконито. Изборот е направен од нецелосна база на податоци со мандат на ИО од 4 години, изземајќи го правото на другите службеници да го искористат своето законско право да бидат избрани во изборните органи затоа што не се во базата на податоци. Ако ова се надмине ДИК ќе направи кардинална грешка.Ова треба јавно да се каже пред новинари. Тој докажа дека базата на податоци е нецелосна но ДИК верува на институциите. ДИК треба да признае дека МИОА згрешило. Сега ако се продолжи со избирање на членови во изборните органи избирањето да биде само со мандат за овие избори. Има време и за повторен избор, не се прекршуваат законските преклузивни рокови него роковите во Роковникот на ДИК.

- Анета Стефановска, Член на ДИК, која меѓу другото кажа дека во 2013 година имаше база на податоци со која цела ДИК се согласи и се изврши законит избор. Сега на сред случаен избор на ИО во ДКП Бедредин Ибраими кажува дека на назад

ДИК не направила добри избори на ИО и ОИК и дека се незаконито избрани лицата. Се согласува со предлогот на Влатко Сајкоски, да се одложи денешниот избор и да се види дали е така како кажува Бедредин Ибраими или како кажува Влатко Сајкоски. Роковникот на ДИК може да се смени ако е потребно. Раководителот на Секторот за информатичка технологија објасни дека се од базата на податоци изземени службениците од културата, здравството, МНР и др. Предлага да не се прави конфликтна ситуација, да се сретне ДИК со претставници од МИОА и да се расчисти работата. Нема потреба од никаква тензија до понеделник.

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кажа дека се ИО избрани во 2011 год. и лицата кои се сега избрани ќе бидат избрани само за овие избори. За да се излезе од оваа проблематика, согласно членот 32 од Изборниот законик ДИК да достави писмо до МИОА во рок од три дена да ни одговори што е тоа што МИОА го сметаат за државни и јавни службеници и на која основа ја градат базата на податоци.Ова е прашањето кое треба да се постави до МИОА затоа што се многу закони донесени и изменети во поглед на државните и јавните службеници. Тој има доверба во МИОА и мисли дека имаат стручен кадар и ги прават законски измените во базата на податоците. На овој начин ќе се дојде до точни податоци и смета дека е ДИК на добар пат ова прашање да го разреши, но ова да го направи на професионална база.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кој кажа дека суштината на оваа дискусија е ДИК да се сретне со МИОА и заеднички да се расчистат сомневањата. Ако се договори ваква средба ДИК ќе бара конкретни податоци од МИОА.Како заклучок да биде да се стапи во контакт со МИОА и да се побараат податоци согласно членот 38 став (4) од Изборниот законик.

- Сашо Срцев, Член на ДИК кој меѓу другото кажа дека тврди дека ДИК донела сосема законска одлука за дополнувањето на членовите на ИО поради несоодветното образование. ДИК постапи по закон, достави писмо до МИОА, доби податоци и изврши избор на ИО и ОИК. Ако има сомнеж во базата на податоци, да провериме уште еднаш, да испратиме писмо до МИОА и сомнежот ќе се реши. Да се дискутира од како ќе се добие одговор од МИОА.

- Потпретседателот на ДИК,М-р Субхи Јакупи,меѓу другото ја изнесе својата калкулација која ја направил и според неа излегува дека се работи за бројка околу 61 илјада службеници. Смета дека треба да се достави писмо до МИОА дека не се вклучени сите вработени во јавните и државни органи во бројката од околу 61 илјада лица. ДИК да се обрати до МИОА да ни ги дадат сите податоци, да оговорат од кои општини немаат податоци за да се добие точна бројка. Добро е што се отвори ова прашање и ДИК има време и можност ова да го утврди еднаш за секогаш и сега да се прекине со дискусијата.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека треба да се прекине со расправата и да се побара подетално известување од МИОА на податоци на основ на тоа што предложи Бедредин Ибраими, и од како ќе се добијат податоците ДИК ќе донесе конечно решение и ќе одлучи како ќе продолжи да работи.

- Виолета Дума. Член на ДИК кажа дека сака да го кореѓира тоа што Сашо Срцев рече дека ДИК донесе сосема законска одлука за дополнувањето на ИО. Таа така не гласала и тоа сака и сега да го каже.

- Анета Стефановска, Член на ДИК, кажа дека сите имаат свое мислење, но би сакала од денес и на наредните состаноци додека нештата не се проверат да не се употребуваат тешки зборови во дискусиите.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека останува зад секој збор што го кажал досега.

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, даде предлог во прва наредна можна прилика одговорно лице од МИОА да дојде и вербално да одговори на ДИК на сите прашања.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека ДИК мора да има релевантни податоци, веројатно е поголема бројката на јавните и државните службеници а се дава помала. Повторно написмено МИОА да ни достави најпоследни податоци со кои располага за составот на вработените од државната, јавната и општинската администрација. Од одговорот кој ќе се добие ако е ДИК задоволна тогаш е добро а ако не ќе се договори средба и ќе се разговара со Министерот на МИОА.
- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека во писмото треба да се повикаме на членот 32 од Изборниот законик.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа како Заклучок кој произлезе од дискусиите во рок од три дена, односно во најбрз можен рок МИОА да даде одговор на писмото кое ДИК веднаш, по завршетокот на продолжувањето на оваа Седница ќе го достави до МИОА.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски го прекина продолжението на 63 – тата Седница на ДИК. Седницата ќе продолжи дополнително.

Составен дел на Записникот од продолжението на 63 - тата Седница е аудио снимката на Седницата.

**Продолжението на 63-тата седница на Државната изборна комисија заврши во 14:50 часот.**

**Број** 07-635/4
05-03-**2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**